До: **Елена Николовска, службено лице за посредување со информации од јавен карактер**
Министерство за култура

Архивски знак: _____
Рок на чување: _____ год.
_____ 20____ год.
Потпис,

ПРИЛОГ 1. БАРАЊЕ
за пристап до информации од јавен карактер

Од: [redacted]

Врз основа на член 4 и член 12 и став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Македонија" бр. 101/19.), од Министерството за култура, ја барам следната информација од јавен карактер:

Податоци за:

1. **Список со поединечно доделени средства преку Министерство за култура до крајните корисници- невладини организации, односно здруженија фондации во текот на 2021 г. Во списокот треба да бидат наведени и на правниот субјект кој е примател на средствата, назив на проект, из на доделените средства, дали средствата биле доделени преку јав огласи буџетската ставка преку која биле доделени средствата.**

Форма во која јабараме информацијата:

а) увид,
б) препис,
в) фотокопија,
г) електронски запис воMicrosoft Excel документ,
д) друго _____

Ве молиме информацијата да ни ја доставете на:

1. **На е-маил**: [redacted]

Дополнителни информации може да добиете од [redacted]

Копија испратена до: *Љуљзим Селмани- член на советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор*

07-137/10-2022
Скопје, 16.3.2022г.

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА
MINISTRIA E KULTURËS
СКОПЈЕ-SHKUP

Примено: E pranuar: 18 03 2022			
Орг. Един. Njësia Org.	Број: Numër:	Прилог: Shtojca:	Вредност: Vlerë:
03-	60		

УПЛ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА
УП1 бр. 03-60
08. 04 2022 год.

Скопје

Врз основа на член 20 став (1) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер поднесено од страна на [redacted], УП1 бр.03-60 од 18.03.2022 година, заменикот министер за култура, го донесе следното

РЕШЕНИЕ

за посредување по поднесено барање за слободен пристап до информации од јавен карактер

Барањето за пристап до информации од јавен карактер поднесено од страна на [redacted], УП1 бр.03-60 од 18.03.2022 година, (во натамошниот текст: барател на информација) до Министерството за култура **СЕ ПРИФАЌА.**

Со Барањето за пристап до информации од јавен карактер поднесено од барателот на информацијата се бараат следните податоци:

1.Список со поединечно доделени средства преку Министерство за култура до крајните корисници- невладини организации, односно здруженија и фондации во текот на 2021 г. Во списокот треба да бидат наведени името на правниот субјект кој е примател на средствата, назив на проект, износ на доделените средства, дали средствата биле доделени преку јавен оглас и буџетската ставка преку која биле доделени средствата.

Барателот на информацијата побара информацијата да му биде доставена во електронска форма на електронска адреса.

Министерството за култура на електронската адреса [redacted] во прилог на ова Решение доставува:

-Табела со поддржани проекти на здруженија и фондации за 2021 година од областа на музејската дејност и заштитата на нематеријално културно наследство за 2021 година - програма 80 ставка 464990;

-Табела со поддржани проекти на здруженија и фондации за 2021 година од областа на бибилотечна дејност во 2021 година - програма 20 ставка 464990;

-Табела со поддржани проекти на здруженија и фондации за 2021 година од областа на заштита на недвижното културно наследство и аудиовизуелните добра - програма 50 ставка 464990;

*Правен основ: По пат на јавен оглас - Годишни конкурси за финансирање проекти од национален интерес по одделни дејност и области од културата за 2021 г., склучени Договори за учество во финансирање на проектите, исплатени по нивна реализација и доставен извештај.

- Прифатени интердисциплинарни проекти по Годишен конкурс за финансирање проекти од национален интерес од областа на културата за 2021 година – правни лица;

-Табела со поддржани проекти на здруженија и фондации за 2021 година од областа на литературата и издавачката дејност;

-Табела со поддржани проекти на здруженија и фондации за 2021 година од областа на Европските интеграции - програма 94 ставка 464990;

Воедно информираме дека проектите од национален интерес по одделни дејност и области од културата за 2021 г кои се поддржани преку Министерство за култура добиваат поддршка согласно објавениот Годишен конкурс за 2021 година, а резултатите се објавуваат на веб страната на Министерството за култура.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

[illegible], поднесе Барање за пристап до информации од јавен карактер, заведено под УП1 бр. 03-60 од 18.03.2022 година, со кое ја побара следната информација во електронски форма да се достави на електронска адреса:

1.Список со поединечно доделени средства преку Министерство за култура до крајните корисници- невладини организации, односно здруженија и фондации во текот на 2021 г. Во списокот треба да бидат наведени името на правниот субјект кој е примател на средствата, назив на проект, износ на доделените средства, дали средствата биле доделени преку јавен оглас и буџетската ставка преку која биле доделени средствата

Постапувајќи по Барањето, а во согласност со членот 20 став (1) од Законот, според кој ако имателот на информацијата позитивно одговори на барањето или ако барањето делумно или целосно го одбие, за тоа ќе донесе решение, Министерството за култура одлучи како во

диспозитивот на ова Решение и **на Барателот на информацијата му ги даде** бараните информации содржани во диспозитивот на ова Решение.

ПРАВНА ПОУКА: Согласно членот 27 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019), против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во Министерството за култура на __.__.2022 година, под УП1 бр. 03-60.

ЗАМЕНИК МИНИСТЕР
Daim Luçi

Подготвил: Ана Кардула, службено лице

Во однос на доставеното барање инфорамција за финансика поддршка на здруженија и фондации од Буџетот на Република Северна Макеоднија во 2021 годна, Секторот за европски интеграции при Министерство за култура ви ги доставува следните податоци за финансирани здруженија на граѓани за 2021 година, со цел нивно конечно доставување до барателот на информацијата:

- Преку преку Програма 94 - Европски интеграции, потставка 464990-други трансфери, беа поддржани следните здруженија на граѓани:

Институција: Министерство за култура, Сектор за европски интеграции		
Вкупно доделени средства од буџетот за 2021 година за финансика поддршка на здруженија на граѓани и фондации		1.563.155 денари
Вкупно доделени средства на здруженија/фондации по пат на јавен оглас		1.563.155 денари
Вкупно доделени средства на здруженија/фондации без на јавен оглас		0 денари
Доделени средства на здруженија/фондации по пат на јавен оглас		
Здружение/фондација	Проект	Доделени финансиски средства
Локомотива-Центар за нови иницијативо во културата	„АКТ: Уметност, Клима, Промена"	220.000 денари
Центар за социјални иновации „БЛИНК 42-21"	„Соработка за имерзивно раскажување за дисеминација на културното наследство во Западен Балкан"	258.409 денари

Здружение за развој на културата и екологијата „СЕНСУС“	„Подемот на жените во културата во Западен Балкан“	86.250 денари
Јадро-Асоцијација на независна културна сцена	„Регионална лабораторија: Нови културни простори и мрежи како двигатели на иновативен, одржлив и „bottom up“ развој регионална соработка /РЕГ.лаб“	173.555 денари
Локомотива-Центар за нови иницијативо во културата	„(Не)врзаните движења“	206.883 денари
Здржение Сфера-Битола	„ЕХО 2 :Европско културно наследство на сцена“	169.961 денари
Здружение Мелеем-Скопје	„Т'билиси Архитектонско Биенале- Што имаме заедничко“	141.097 денари
Здружение „ТИИИИТ!ИНК“-Скопје	„Жени за жени“	307.000 денари

- Овие средства беа доделени по пат на објавување на два конкурса и тоа *Конкурс за учество во финансирање проекти на правни лица од Република Северна Македонија кои се поддржани од програмата Креативна Европа (2014-2020) – Потпрограма Култура на Европската унија за 2021 година*; како и Конкурс за ко-финансирање на проекти поддржани преку пилот-проектот и повикот од Извршната агенција за образование и култура на Европската комисија: Проекти за соработка во Западен Балкан „Зацврстување на културната соработка и конкурентноста на културните и креативните индустрии во Западен Балкан“ за 2021 година.
- Во однос на приоритетите на финансирање, средствата се доделуваат врз база на утврдено учество на Министерството за култура, дадено во конкурсите, во износ од одреден процент од финансискиот удел со кој проектниот партнер од Република Северна Македонија, во својство на носител на проект или проектен партнер, учествува во проектот што е одобрен од Извршната агенција или во износ што го побарал проектниот партнер од Република Северна Македонија. Процентот на учество на

Министерството за култура се однесува на вкупното времетраење на проектот што се доделува во повеќе години, и се рапределува годишно во зависност од годишните активности на проектниот партнер од Република Северна Македонија, по пат на Конкурс.

-Конкурсите беа објавени на официјалната интернет страна на Министерството за култура, и во средствата за јавни информирање на македонски и албански јазик.

-Во составот на комисите за евалуација во 2021 година членуваше надворешно стручно лице како претседател на комисијата и два внатрешни члена од Министерството за култура.

-Одлуките за распределба на средствата беа објавени на официјалната интернет страна на Министерството за култура, согласно пропозициите и роковите дадени во Конкурсите.

-Следењето на спроведувањето на одобрените проекти беше врз база на доставен извештај за реализација на дел од префрлените средтва, и врз база на доставени известувања за реализација на тековни активности од проектот, со дополнително пополнување на табела за реализација на потпишани договори со корисниците на средства .

ПРИФАТЕНИ ИНТЕРДИСЦИПЛИНАРНИ ПРОЕКТИ ПО ГОДИШЕН КОНКУРС ЗА ФИНАНСИРАЊЕ Н АПРОЕКТИ ОД НАЦИОНАЛЕН ИНТЕРЕС ОД ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА ЗА 2021 ГОД. - ПРАВНИ ЛИЦА

редеН бр.	Назив/име на учесникот на конкурсот	Наслов на проектот	Одобрен износ
1	Центар за изведувачки уметности и едукација „Театар Пи" - Скопје	„Мене ништо не ми пречи"	365.000
2	АКСИОМА - Асоцијација за културна соработка и истражување	"Омнибустопија 3"	200.000
3	Арт проект лаб ДООЕЛ Скопје	„да разговараме за смртта"	500.000
4	Здружение на жени ромки „Есма"	„Развој на медиумската култура кај Ромите"	63.000
5	Српски културно информативен центар Спона - Скопје	„Летен фестивал за деца и м,лади 2021"	180.000
6	Друштво за филмска и видео продукција КИНО Филм Дооел, Скопје	„Видео/музичкосценски перформанс УЛИЦА"	400.000
7	ЗЛУКР Арт Еквилибриум, Гевгелија	„БОШ Фестивал - Јадро"	400.000
8	Установа Центар за современи уметности Скопје	„Креативни заедници- локални културни иницијативи во заедниците"	250.000
9	Т.П. Девет, Стеван Васил Шашков	„Троаксијална полицентричност"	100.000
10	ТП СС- Друмс	Different	300.000
11	Локомотива - Центар за нови иницијативи во уметноста и културара	„Интердисциплинарна програма на Локомотива"	800.000
12	Здружение Кино Балкан	Фестивал на децентрализирана култура Блендер	190.000
13	ИД - Концепт консалтинг и дизајн (издаваштво Чудна шума)	„Децата и планините"	100.000
14	Граѓанска асоцијација на мултимедијална театарска уметноси и култура асоцијација Сенки и облаци	„Читаме лектири и играме со сенки"	100.000
15	Здружение на уметници Тетова интернационал филм фестивал ТИФФ	Кино мобиле Опен Аир Синема Ситис	325.000
16	Здружение за Изведувачки уметности Интимен театар Битола	„Жени"	200.000

31	Здружение на граѓни за помош и поддршка на лица со Даунов синдром Трисомија 21 - Скопје	Работен наслов: „Можеме и повеќе“	150.000
32	Торос Филм Студио Дооел	Кар Синема	120.000
33	Здружение за современа уметност и кураторски практики „Проектен простор Прес ту егзит“ - Скопје	„Музејот на Оскар Хансен за Скопје: Инструмент што не може да биде зграда" - развивање на дигитална платформа	350.000
34	Здружение „Пурпура“ - Тетово	„Уметноста, јазикот со кој зборуваме сите“	280.000
35	Здружение за култура и уметност ФАКУЛТЕТ ЗА РАБОТИ ШТО НЕ СЕ УЧАТ - ФР-У	ЗБОРУВА АКТО! (работен наслов) 16 АКТО - фестивал за современа уметност	600.000
36	Центар за Социјални Иновации Блинк 42-21	Мобилна апликација - самостоен QR и аудио водич на Археолошкиот локалитет Стоби	300.000
37	Центар за визуелни студии - Загреб, подружница Центар за визуелни студии - Скопје ЦВС	Визуелната култура денес - 10 години Центар за визуелни студии	400.000
38	Еурека Културен Центар	СОЕДИНУВАЊЕ Инклузија, танц, уметност	200.000
39	Центар за едукација и иновативно учење - СТЕМ Лаб	„Да Винчи“	250.000
40	Академија Балканика Европеана (АБЕ)	Меѓународен настан: БАЛКАНОТ Е СРЦЕТО НА ЕВРОПА - Академија Балканика Европеана, промотор на балканските креативни вредности	150.000
41	ФЛАГЕЛУМ - Здружение за едукација, еднакви можности, лобирање и застапување на лица со посебни потреби, Скопје	Млади истражувачи	250.000
42	Установа од областа на културата „Културно социјален простор ЦЕНТАР-ЈАДРО“, Скопје / КСП ЦЕНТАР-ЈАДРО	Годишна програма на „Културно социјален простор ЦЕНТАР-ЈАДРО“	800.000
43	Здружение „Културен забавен живот - КЗЖ Струмица“	Струмица Опен Фест 2021“ - 10 јубилејно издание	1.000.000
44	Општински одбор на Сојуз на борците на Македонија и продолжувачи - Демир Хисар	„80 години од основањето на првите органи на народната власт во НОВ во Демир Хисар“	50.000
45	ДООЕЛ Терапија	ТЕРАПИЈА: Креирање заеднички простор за развој на независна културна и клупска сцена (понатаму Проект ТЕРАПИЈА)	250.000
46	Солеина	Култ Арт Тетово 2021	150.000

СЕКТОР ЗА ЗАШТИТА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО - ФИНАСИРАЊЕ НА ПРОЕКТИ ВО 2021 ГОДИНА		
Правен основ: По пат на јавен оглас - Годишни конкурси за финансирање проекти од национален интерес по одделни дејност и области од културата за 2021 година, склучени Договори за учество во финансирање на проектите, кои беа исплатени по нивна реализација и доставен извештај		
ОБЛАСТ / ДЕЈНОСТ	ПРОЕКТИ ОД ЗДРУЖЕНИЈА И ФОНДАЦИИ	ДОДЕЛЕНИ СРЕДСТВА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ
Библиотечна дејност - Програма 20 ставка 464990	5	276,000
Заштита на недвижното културно наследство и аудиовизуелни добра - Програма 50 ставка 464990	9	2,614,000
Музејска дејност и заштита на нематеријалното културно наследство - Програма 80 ставка 464990	66	7,955,000
Вкупно	**80**	**10,845,000**

Прилог: Табела по години, дејности, субјекти, проекти и износи

ФИНАСИРАЊЕ НА ПРОЕКТИ ОДД ОБЛАСТА НА МУЗЕЈСКАТА ДЕЈНОСТ И ЗАШТИТАТА НА НЕМАТЕРИЈАЛНО КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО ЗА 2021 ГОДИНА - програма 80 ставка 464990

По пат на јавен оглас: Годишни конкурси за финансирање проекти од национален интерес по одделни дејности и области од културата за 2021 година, склучени Договори за учество во финансирање на проектите, исплатени по нивна реализација и доставен извештај

р.бр.	здруженија и фондации	проект	доделени финансиски средства
1	Здружение за научно-истражувачки работи „МАД" - Македонско археолошко друштво - Скопје	Меѓународна археолошка конференција „50 години формирање на МАД", јубилеен симпозиум	120,000
2	Здружение за научно-истражувачки работи „МАД" - Македонско археолошко друштво - Скопје	Публиковање на стручно списание Macedoniae Acta Archeologica br.34	200,000
3	Здружение за рехабилитација и инклузија на лица со даунов синдром „ДНЕВЕН ЦЕНТАР-ДОЗА СРЕЌА" - Скопје	Учиме, се дружиме, донираме! (продажна изложба од изработките и донирање на средствата на самохрана мајка со три дечиња, од кои едно момче со Даунов синдром и момче со интелектуална попреченост и оштетен вид)	140,000
4	Асоцијација за граѓанска толеранција и соработка „АГТИС" - Прилеп	Богатството се чува дома	200,000
5	Здружение за еднакви можности и меѓуетничка соработка „АЛ-МА" - Скопје	Да ги истражиме корените	150,000
6	Здружение за едукација, еманципација и остварување на правата на жените „Биди Храбра" - Скопје	Богатството е во различностите	190,000
7	Пеливански Клуб „Шампион" ,Сарај - Скопје	Традиционална манифестација „Пеливанство во Сарај„	70,000
8	Здружение на граѓани за промоција на регионална соработка „22 Нентори " - Битола	Културно-просветниот и духовниот живот помеѓу власите и албанците во Битола	80,000
9	Здружение на граѓани за едукација, валоризација, заштита и популаризација на културното наследство „Центар за културно и духовно наследство" - Скопје	Дигитален каталог за иконописот во македонија (9-19) IV (тетовско- гостиварска епархија)	120,000
10	Ткаењето на дрвен разбој - предизвик на младите од Пехчево	Ткаењето на дрвен разбој - предизвик на младите од Пехчево	80,000
11	Друштво за производство, трговија и услуги „Корпус Деликти Рекордс" ДООЕЛ - Скопје	Изложба: Сите македонски носачи на звук (1958 - 2021)	150,000
12	КУД Љиљан - Скопје	„Изложба на бошњачки, македонски и горански народни носии"	80,000
13	Здружение Арсим, Култур, Спорт и Екологија „АКСИ" с. Студеничани- Скопје	Етно фест „ Традицијата продолжува" (Пеливанство) - Студеничани 2021 - Јубилеј 10 годишнина	400,000
14	Друштво за музичка продукција и естрада Јехона ДООЕЛ Тетово	Заштита на културно наследство „Традиционална Албанска свадба на Шарпланинско подрачје	200,000
15	Здружение Македонски национален комитет на меѓународниот совет на музеите (МНК ИКОМ)	Одбележување на 18 Мај - Меѓународен ден на музеите 2021 година	55,000
16	Здружение Македонски национален комитет на меѓународниот совет на музеите (МНК ИКОМ)	„Состојба и ревитализација на условите во кои се чува и презентира културното наследство и природното наследство во музеите на Р.С.Македонија " (публикација и работилница)	120,000
17	Медиа Броадцастинг ДООЕЛ Скопје	Народните носии како инспирација за создавање на современи модни креации	110,000
18	Центар за независни граѓански иницијативи „ЦНГИ" - Кратово	Ретроспективна изложба„ Приказната за кратовската пастрмајка"	60,000
19	Здружение на жени Житоше	„Етно соба - Културното богатство на вредните раце на жената на село„	130,000
20	Здружение на граѓани за афирмација на културата и развој на руралниот туризам „Граѓанска активa Икарус", Демир Хисар	Мијаците - дел од етничкиот мозаик на Демирхисарскиот регион	55,000
21	Фолклорен ансамбл „Љупчо Сантов„ Оризари, Кочани	Спроведување на Ѓурѓовденски традиционални обичаи, песни и ора	80,000

22	Зружение „Меѓународен Дијалог" с.Скудриње	Ѓурѓовденските обичаи кај македонците со исламска религија во с.Скудриње - Завршна фаза III дел	90,000
23	Здружение за заштита на културното наследство на Општина Дебар „ДЕБОРУС" Дебар	Фразеологија на македонскиот говор во Дебар и дебарско III дел	60,000
24	Здружение за заштита на културното наследство на Општина Дебар „ДЕБОРУС" Дебар	Топонимите- живи сведоштва од минатото на Река	80,000
25	Здружение Институт за проектен менаџмент и развој ИПМР - Скопје	Промоција на македонскиот ткајачки занает- „Ткајачницата"	70,000
26	Здружение Фестивал Веселби ХИД БАХ ШЕН ФЕСТ , Чалакли , Валандово	39-то Меѓународно традиционално хидрелезно пеливанско борење	260,000
27	Здружение„Фортеса - Ш 2007" - Кичево	„Традиционална албанска свадба во Кичево 2021„	160,000
28	Здружение фолклорна група Копачка с. Драмче, Делчево	Соба на Димитар Узунски за културното наследство на пијанец	90,000
29	Српска заедница во Македонија-СЗМ	ДАНИЦА	70,000
30	Здружение ПЕОНИЈА с.Туралево, Кратово	Едукативна работилница за деца со посебни потреби „Ајде да учиме и цртаме за нашето културно наследство" продолжување на проект	80,000
31	Српски Културен Центар - Скопје	Удово - изложбена ретроспектива „Соочување со споменот "	110,000
32	Здружение за развој на претприемништво и туризам „Концепт плус" - Скопје	Богатството р во културата	70,000
33	Трговско радиодифузно друштво ТВ Коха ДООЕЛ Тетово	„Ura e Tabakeve" - Мостот на Табаките	160,000
34	Фолклорен ансамбл „Седенка" с.Булачани Скопје- Едукативен музички центар„Наши ноти" , подружница бр. 2 (ЕМЦ „Наши Ноти")	„Кога малите учат од големите"	70,000
35	Здружение за наука и култура Пелазгет - Тетово , Shoqata per shkence dhe kulture Pellazget - Tetove	Manifestimi „Festa e plisit te bardhe" Манифестација „Славјето на белото кече"	110,000
36	Здружение Библиотека „Ал-Би" с. Бабино, Демир Хисар	Презентација и популаризција на етнолошката збирка на библиотеката	90,000
37	Здржение на граѓани Центар за одржливи иницијативи - Скопје	Велосипедска, културна прошетка „ Скриените музеи на Скопје"	120,000
38	Здружение за развој на село Тресонче Брзовец - Скопје	Едукативна и стручно - научна работилница - По патеките на Дичо Зограф	110,000
39	Здружение на граѓани „Скарт Студио" - Скопје	Различностите не спојуваат, промовираат, развиваат	110,000
40	Децата и младите во акција за подобар свет „Здружение детски свет" - Скопје	Земја - музеј	90,000
41	Граѓанско здружение за унапредување на образованието кај ромската популација „Ирхом Топаана" - Скопје	Рачна изработка, везење и ткаење на ромска традиционална носија - симбол на ромската заедница во РСМ	120,000
42	Здружение за културно наследство „АЛБ-КУЛТ" - Скопје	Едукација на млди, изложба и градежни зафати во пелагонискиот етнографски музеј во с.Криилиште, Долненско	140,000
43	Фонд на холокаустот на евреите од Република Северна Македонија - Скопје	Животот на евреите во Македонија	90,000
44	Здружение за едукација, спорт и култура „Вотра" - Кичево	Зачувување на кичевската песна од младите поколенија	80,000
5	Здружение за поттикнување на партнерството и развој на граѓанското општество „ТОРДИС" - Скопје	„Преку дигитализација на културното наследство до дигитална Е - култура Лазарополе Цути 2021"	300,000
6	Здружение на граѓани -Центар за истражување на национализмот и културата - Скопје	Скопскиот земјотрес од 1963 година. Сеќавања, идентитети , акции.	110,000
7	Здружение на граѓани -Центар за истражување на национализмот и културата - Скопје	Архиви на невидливите - жените во периодиката која се објавувала и циркулирала на територијата на Вардарска Македонија меѓу двете светски војни	220,000
	МИД-Македонско истражувачко друштво - Скопје	Изработка на веб презентација за народната астрономија со визуелни анимации за откритијата и изворни фотографии од теренските истражувања (Веб презентација за етноастрономија)	110,000

49	Здружение за унапредување на одржлив развој „Институт Балкан про Европа" - Скопје	Годишна школа за Византиско и Османлиско културно - историско наследство	80,000
50	Друштво за производство, промет и услуги „ДИД Медиа ДООЕЛ" - Прилеп	Збор 2	180,000
51	Организација на жените турчинки од Македонија „ДЕРЈА" - Скопје	Преку изработка и шиење на носии од етничките заедници да се промовира традицијата кај младата популација преку нивна едукација	120,000
52	Здружение на граѓани за унапредувањеи развој на културата „Порта Скупи" - Скопје	„Artizanatet dhe gruaja" „Ракотворбите и жената"	140,000
53	Трговско радиодифузно друштво Телевизија Полог ДООЕЛ - Тетово	Албанската стара костумографија на полошкиот регион	90,000
54	Занаетчија Марина Ѓеорѓиевска „Букефал" с. Слепче - Демир Хисар	Демир Хисарска летна школа 2021 (популаризација и презентација на културното наследство) Историја - археологија - архитектура - уметност	120,000
55	Здружение за негување на културното наследство „ДЕЈЧЕ" - Тетово	Лингвистички опис наградскиот говор во тетово - современа состојба	120,000
56	Асоцијација за економски развој и соработка ADEC - Тетово	Денови на традиционални артизанати - тетовско кале	160,000
57	Торос филм студио ДООЕЛ - Велес	Детска културна авантура	120,000
58	Здружение за народни игри и песни Ансамбл „Ѓорче Петров" - Скопје	Реконструкција и комплетирање на женска народна носија од етничкиот предел Долни Полог	80,000
59	Заедница на срби во Македонија м.о - Битола	„Кајмакчалан - ден на единството, слогата и знамето - историско-научна конференција со фото изложба во спомен капелата на Кајмакчалан"	90,000
60	Здружение за развој на ромската заедница „Сумнал" Скопје	Културното наследство во мојот град	90,000
61	Здружение „Недела на албанска култура" - Куманово	Ден на албанската азбука	90,000
62	Македонски национален комитет на Синиот Штит - Скопје	Кражби на музејски предмети и недозволена трговија со културни добра	80,000
63	Македонски национален комитет на Синиот Штит - Скопје	Редовна дејност на секретаријатот и телата на МНК СИн Штит	55,000
64	Амсамбл за народни ромски игри и песни „Рушит Шакир" - Куманово	8-ми Април	150,000
65	Здружение на граѓани за третман на лицата со аутизам , АДХД и Аспергеров синдром - Во мојот свет - Скопје	Учиме, се дружиме, донираме! (продажна изложба од изработките и донирање на средствата на семејство со член со аутизам)	150,000
66	Здружение -Мрежа на локални музеи - Состојби и предизвици - Крива Паланка	Македонската музејска мрежа - Состојби и предизвици	80,000
		вкупно 66 проекти на 61 здружение / фондација	**7,955,000**

Забелешка: Начинот за доделување на средствата, критериумите и постапката за избор беше спроведена согласно условите во објавениот Конкурс

ФИНАСИРАЊЕ НА ПРОЕКТИ ОД ОБЛАСТА НА БИБИЛОТЕЧНА ДЕЈНОСТ ВО 2021 ГОДИНА - програма 20			
По лат на јавен оглас: Годишни конкурси за финансирање проекти од национален интерес по одделни области и активности од културата за 2022 година, склучени Договори за учество во финансирање на проектите, исплатени по нивна реализација и доставен извештај			
р.бр.	**здруженија и фондации**	**проект**	**доделени финансиски средства**
1	Здружение на граѓани „Департмент"-с.Батинци - Студеничани	Едукативна работилница со студенти и лица со посебни потреби во Библиотеката во Батиниц (втора фаза)	100,000
2	Библиотекарско здружение на Македонија - Скопје	Тековно работење на Библиотекарското здружение	70,000
3	Здружение библиотека „АЛ-БИ", с.Бабино, Демир Хисар	Одбележување на 23 Април, Светски ден на книгата и авторското право	10,000
4	Здружение за развој и иновации на библиотеки „Инова Либ"-Радовиш	Дигитална и медиумска писменост-клучни компетиции за живот во 21 век	43,000
5	Здружение за развој и иновации на библиотеки „Инова Либ"-Радовиш	Влог во заедницата-Библиотеките носители и промотори на развојот на целите на Агенда 2030 цели за одржлив развој	53,000
		вкупно 5 проекти на 4 здруженија / фондации	276,000
Забелешка: Начинот за доделување на средствата, критериумите и постапката за избор беше спроведена согласно условите во објавениот Конкурс			

ФИНАНСИРАЊЕ ПРОЕКТИ ОД НАЦИОНАЛЕН ИНТЕРЕС ВО КУЛТУРАТА ЗА 2021 ГОДИНА ОД ОБЛАСТА НА ЗАШТИТА НА НЕДВИЖНОТО КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО И АУДИОВИЗУЕЛНИТЕ ДОБРА - програма 50

По пат на јавен оглас: Годишни конкурси за финансирање проекти од национален интерес по одделни дејности и области од културата за 2021 година, склучени Договори за учество во финансирање на проектите, исплатени по нивна реализација и доставен извештај

р.бр.	здруженија и фондации	проект	доделени финансиски средства
1	**Центар за истражување на праисторијата**	Рекогносцирање на предисториски тумби во Пелагонија	157,000.00
2	**Центар за истражување на праисторијата**	Конференција ,,Предисторијата во Македонија"	115,000.00
3	**Центар за етнолошки истражувања и применета антропологија (ЦЕИПА) - Скопје**	Мултимедијална мапа на недвижното културно наследство на град Битола: Османлиски период - верски и профани објекти	130,000.00
4	**Здружение за заштита на одржлив развој на животната средина Регионален зелен центар Охрид**	Виртуелна реконструкција и изработка на макета на гробница од македонски тип во Охрид	130,000.00
5	**Здружение - ИКОМОС Македонија**	Превод на стручна публикација и промоција на концептот за заштита на културното наследство	115,000.00
6	**Здружение на граѓани за афирмација и унапредување на културата, уметноста и технологијата - Младински иновативен клуб гигарт Битола**	Археo архитектура - Базилики	150,000.00
7	**Здружение Менелај-Прилеп**	Издавање на списанието Археолошки Информатор бр. 5	150,000.00
8	**Здружение Менелај-Прилеп**	Издавање на монографија *Поствизантиските претстави на Страшниот Суд во РС Македонија*	202,000.00
9	**Здружение на граѓани за едукација, валоризација, заштита и популаризација на културното наследство ЦЕНТАР ЗА КУЛТУРНО И ДУХОВНО НАСЛЕДСТВО Скопје**	Јехона Спахиу Јанчевска, Црквата Свети Никола во Топличкиот Манастир	180,000.00
10	**ЛИТЕРАС Гостивар - LITERAS Gostivar**	3Д визуализација на културно значајни објекти	82,000.00
11	**Здружение на граѓани за заштита на културното наследство - Концепт за култура- Скопје**	Изработка на виртуелни прошетки на 20 цркви и манастири	124,000.00
12	**Здружение на граѓани за заштита на културното наследство - Концепт за култура- Скопје**	Изработка на виртуелни прошетки на 20 археолошки локалитети	82,000.00
13	**Здружение на граѓани на одржлив развој Институт Балкан Про Европа - Скопје**	Беит - Создавање на свесност: Урбаното културно наследсто и европскиот плурализам - Скопје 2021	105,000.00
14	**ЗГ Институт за археолошки истражувања - Скопје**	Одржување, промоција и популаризација на Археo Парк Бразда 2021	82,000.00
5	**Издавачки центар Три**	Икони од ризницата на бигорскиот манастир Св.Јован крстител/Icons from the treasury of the bigor monastery saint the baptist	180,000.00
6	**Стоби Трејд ДООЕЛ**	Публикување на монографско издание Просек - Демир Капија т.1: црква и некропола од рановизантискиот и средновековен период на Кале - Стрезов град	180,000.00
	Каламус Дооел - Скопје	д-р Елица Манева, Од шлем до круна и митра	225,000.00
	Каламус Дооел - Скопје	Патримониум.мк - година 14, бр.19/2021	225,000.00
		вкупно 12 проекти на 9 здруженија	2,614,000

елешка: Начинот за доделување на средствата, критериумите и постапката за избор беше спроведена согласно условите во објавениот Конкурс